Референтен број: FY24-YT-AJM-001-4
Наслов на проектот: Јакнење на новинарските стандарди - дигитални напредоци и влијание врз медиумската средина / Bolstering journalism standards - the digital advancements and the impact on the media environment
Лот: 1.7 Изработка на Етички кодекс (Development of the Ethical Code)

Јавен повик за ангажирање на надворешни соработници за изработка на Етички кодекс за новинарите и медиумите во РС Македонија

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) во соработка со Македонскиот институт за медиуми (МИМ) и Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) во рамките на проектот *„Јакнење на новинарските стандарди - дигитални напредоци и влијание врз медиумската средина“* предвидува изработка на нов Етички кодекс за новинарите и медиумите во РС Македонија.

Контекст

Новинарството во Северна Македонија се соочува со бројни предизвици, особено во контекст на брзиот развој на дигиталните медиуми и нивното влијание врз јавниот дискурс. Постои загриженост дека постоечките етички стандарди, кои беа развиени пред повеќе од две децении, веќе не одговараат на тековните потреби и предизвици на новинарите и медиумските организации. Оваа неусогласеност често доведува до проблеми како што се пристрасност, дезинформации и намалување на довербата во медиумите, а се отежнува работата и на медиумските само-регулативни тела.

Со цел да одговори на овие предизвици, проектот предвидува изработка на нов Етички кодекс кој ќе ги замени постоечките стандарди од 2001 година, овозможувајќи подобра усогласеност со современите предизвици и практики.

Цел на повикот:

Целта на овој повик е **ангажирање на тим од двајца до тројца надворешни соработници за изработка на новиот Етички кодекс за новинари** и објаснувачки дел во кој секој член од кодексот ќе биде илустриран со примери.

Повеќе информации за потребите и техничките услови за овој повик видете **тука**.

Информации за повикот

Постапка: **Отворен повик**
Тип на договор: **Договор за набавка на услуги**

Потребни документи

- Биографија,
- Кусо писмо за мотивација,
- Изјава (Анекс 1),
- Финансиска понуда (Анекс 2) и

Начин и рок на аплицирање

Заинтересираните треба да ја достават својата апликација (биографија, и пополнети **Анекс1 и Анекс2**) преку електронска пошта на следнава адреса contact@znm.org.mk со назнака „Апликација по повик FY24-YT-AJM-001-4 “.

Крајниот рок за доставување на апликации е **05.02.2025 (среда) до 24ч, ЦЕВ.**

Референтен број: FY24-YT-AJM-001-4
Наслов на проектот: Јакнење на новинарските стандарди - дигитални напредоци и влијание врз медиумската средина / Bolstering journalism standards - the digital advancements and the impact on the media environment
Лот: 1.7 Изработка на Етички кодекс (Development of the Ethical Code)

БАРАЊА И ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ (TERMS OF REFERENCES)

ЗА ИЗРАБОТКА НА

НОВ ЕТИЧКИ КОДЕС ЗА НОВИНАРИТЕ И МЕДИУМИТЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

За проектот:

Проектот *„Јакнење на новинарските стандарди - дигитални напредоци и влијание врз медиумската средина“* поддржан од страна на ИРЕКС во рамките на Проектот на УСАИД за медиумска писменост “Младите размислуваат“, има за цел да ги унапреди квалитетот, независноста и одговорноста на новинарските и медиумските практики во Македонија. Со оглед на тоа што новите дигитални технологии и медиумските трендови значително го трансформираа начинот на кој се произведуваат и дистрибуираат информациите, постои итна потреба за ревизија и ажурирање на етичките стандарди по кои (треба да) се водат медиумите, новинарите и медиумските работници.

Проектот е иницира од Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) во соработка со Македонскиот институт за медиуми (МИМ) и Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ). Овие организации, заедно со експерти од медиумската сфера, ќе работат на креирање и промоција на новиот етички кодекс кој ќе ги рефлектира најдобрите глобални практики и ќе биде прифатен од сите релевантни засегнати страни.

Крајната цел на проектот е да се обезбеди посилна, од доверба и етички одговорна медиумска средина која ќе биде во согласност со меѓународните стандарди. Во рамките на оваа иницијатива, ќе се развие нов етички кодекс, кој ќе биде широко поддржан од медиумската заедница, што ќе обезбеди негова ефективна примена и долгорочна одржливост. Преку овој процес, медиумите во Македонија ќе добијат појасни и релевантни упатства за етичко известување, што ќе го зајакне јавниот кредибилитет и довербата во медиумската индустрија.

Контекст за потребата:

Новинарството во Северна Македонија се соочува со бројни предизвици, особено во контекст на брзиот развој на дигиталните медиуми и нивното влијание врз јавниот дискурс. Постои загриженост дека постоечките етички стандарди, кои беа развиени пред повеќе од две децении, веќе не одговараат на тековните потреби и предизвици на новинарите и медиумските организации. Оваа неусогласеност често доведува до проблеми како што се пристрасност, дезинформации и намалување на довербата во медиумите, а се отежнува работата и на медиумските саморегулаторни тела.

Со цел да одговори на овие предизвици, проектот предвидува изработка на нов Етички кодекс кој ќе ги замени постоечките стандарди од 2001 година, овозможувајќи подобра усогласеност со современите предизвици и практики.

Цел на барањето:

Целта на ова барање е ангажирање **на тим од двајца а најмногу тројца надворешни соработници за изработка на новиот Етички кодекс за новинари и медиуми кој треба да го замени постојниот како** и дополнително Анекс односно објаснувачки дел во кој секој член од кодексот ќе биде илустриран со примери.

Во рамките на проектот, веќе се изработени два документа:

- Првиот, насловен, ***„Темелна ревизија на актуелните практики за етика во новинарството“*** ги анализира постојните предизвици и клучни слабости на постојниот кодекс, особено во делот на справување со дезинформации, говор на омраза и употреба на вештачката интелигенција, и нуди препораки околу зајакнување на транспарентноста, воведување на насоки за известување за ранливи групи и засилување на стандардите за проверка на фактите. Документот е достапен на македонски и албански јазик.
- Вториот со наслов, ***„Од глобални искуства до локални стандарди: Етички предизвици и решенија во новинарството,“*** нуди споредбена анализа на глобалните етички практики и предизвиците со кои се соочени медиумските саморегулаторни тела на земјите од Европа. Преку искуствата на етичките совети од повеќе европски земји, публикацијата укажува на предизвиците и предлозите за нивно решавања како и насоки за подобрување во сферата на уредувачката независност, транспарентноста во финансирањето и справување со манипулативни медиумски практики. Особено внимание е посветено на етичките дилеми поврзани со употребата на новите технологии и алгоритмите, како и на потребата од заштита на малолетниците во медиумските содржини. Документот е достапен на македонски јазик.

Наодите од овие два документа треба да послужат како основа за развој на новиот Етички кодекс кој ќе ги одразува современите потреби и стандарди во медиумската индустрија во земјата.

Задачи:

Клучните задачи и одговорности на ангажираните **надворешни соработници /експерти** (тим од двајца до тројца надворешни соработници /експерти) за изработка на документот вклучуваат:

- **Изработка на временски план за работа**: Тимот од двајца до тројца надворешни соработници треба да подготви и да достави до нарачателот план за работа со временска рамка и чекори за реализација на работата.
- **Изработка на нацрт верзија на новиот Етички кодекс:** Документот треба да биде концизен и јасен, но и доволно исцрпен за да се овозможи покривање на релевантни прашања и предизвици посочени во двата документи ***„Темелна ревизија на актуелните практики за етика во новинарството“*** и ***„Од глобални искуства до локални стандарди: Етички предизвици и решенија во новинарството“.*** Како почетна основа за новиот кодекс треба да послужи постојниот документ.
- **Изработка на Анекс односно објаснувачки дел**: Документот треба да содржи појаснување за секој член од кодексот илустрирано со соодветни примери.
- **Консултација со работната група:** Тимот од соработници ќе треба да биде во блиска комуникација со работната група во процесот на изработка на новиот кодекс. Оваа работна група, формирана во рамките на проектот формирана, има задача да обезбеди стручни насоки и поддршка на проектниот тим при реализирање на проектните активности, како и важна **консултативна улога во процесот на изработка на** новиот етички кодекс и поддршка на напорите за негова примена.
- **Презентација**: Презентација на нацрт верзијата од документите пред членовите на работната група, Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ), Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) и други релевантни тела. Оваа презентација ќе има за цел да обезбеди јасно разбирање на предложена структура и содржина на документот.
- **Изработка на конечна верзија на Етичкиот кодекс и појаснувачки прилог со примери**: Конечната верзија од Етичкиот кодекс заедно со појаснувачкиот прилог треба да биде одобрена од работната група и нарачателот.

Испораки:

- **Етички кодекс за новинари и медиуми кој треба да го замени постојниот** и анекс документ - објаснувачки дел во кој секој член од кодексот ќе биде илустриран со примери. Самиот кодекс треба да биде концизен и краток документ, изготвен на македонски јазик. Појаснувачкиот дел треба да не биде подолг од 25 страници, односно 45.000 карактери.

Временска рамка:

Периодот за реализација (спроведувањето на задачите и испорака на финалниот продукт) е **12 календарски денови** и почнува со датумот на потпишување на договорот, но не подоцна од 5 февруари 2025. **Крајниот рок за доставување на финалниот продукт е 10 март 2025.**

Потребни квалификации:

- **Искуство во медиумската индустрија**: Најмалку 10 години искуство во медиумската индустрија, со посебен фокус на етички прашања и саморегулација.

- **Познавање на етичките стандарди**: Високо ниво на познавање на етичките стандарди и регулативи во медиумската индустрија.

- **Претходни слични ангажмани (ќе се смета за предност)**: Докажано искуство во соработка со медиумски тела за саморегулација, како и искуство во изработка на анализи, прирачници или други материјали за етичко известување.

- **Способност за тимско работење**: Развиени вештини за тимско работење, неопходни за успешно спроведување на задачите.

- **Комуникациски и аналитички вештини**: Одлични комуникациски и аналитички вештини, неопходни за успешно презентирање на предложените документи и препораки.

Финансиски надомест:

Максималниот буџет за оваа набавка изнесува вкупно до 171.000 денари бруто (вкупно 12 дена за до 3 експерти по 57,000 МКД бруто, односно 14,250 МКД бруто од ден), и ги вклучува сите трошоци што можат да се појават во текот на извршувањето на работата.

Предвидениот износ е пресметан врз основа на просечната пазарна цена од експертски ден за ваков тип на услуга. Плаќањето ќе се врши според следнава динамика:

- 100 % по извршување на сите задачи од договорот и барањето за набавка на услуга.

Информации за повикот

Постапка: **Отворен повик**
Тип на договор: **Договор за набавка на услуги**

Потребни документи

- Биографија,
- Писмо за мотивација,
- Изјава (Анекс 1),
- Финансиска понуда (Анекс 2)

Начин и рок на аплицирање

Заинтересираните треба да ја достават својата апликација (биографија, доказ за резидентност и пополнети **Анекс1 и Анекс2**) преку електронска пошта на следнава адреса contact@znm.org.mk со назнака „Апликација по повик FY24-YT-AJM-001-4 “.

Крајниот рок за доставување на апликации е **05.02.2025 (среда) до 24ч, ЦЕВ**.

Референтен број: FY24-YT-AJM-001-4
Наслов на проектот: Јакнење на новинарските стандарди - дигитални напредоци и влијание врз медиумската средина / Bolstering journalism standards - the digital advancements and the impact on the media environment
Лот: 1.7 Изработка на Етички кодекс (Development of the Ethical Code)

ТАБЕЛА ЗА ОЦЕНКА НА ПОНУДА ЗА НАБАВКА НА БАЗА НА ГЛОБАЛНА ЦЕНА

Оценување на техничкиот капацитет:

Проценка на технички капацитет (Вкупно поени):	**/ 100**
Компетентност	**/50**
Високо ниво на познавање на етичките стандарди и регулативи во медиумската индустрија; Високо ниво на професионализам и способност за самостојно и/или тимско работење и во ситуации на висок притисок и во кратки рокови	/50
Претходно искуство	**/50**
Најмалку 10 години искуство во медиумската индустрија, со посебен фокус на етички прашања и саморегулација	/50

Максималниот број поени што може да се добие при проценка на техничките капацитети е 100. Минималниот број на поени што понудувачот треба да ги постигне при проценка на техничките капацитети со цел понудата дополнително да се разгледа е 80.

На понудата со најголем број поени се доделува максималниот бројот на бодови, односно 80. Другите понуди добиваат број на поени за успешност, пресметани според следнава формула: Технички резултат = (вкупен број на поени постигнати при проценка на предметната техничка понуда) / (вкупен број на бодови постигнати при проценка на најдобрата техничка понуда) x 80.

Оценување на финансиската понуда:

Оценка на финансиска понуда (Вкупно поени):	**/ 20**
Цена	/20

Понудата со најниска цена добива најголем број на бодови, односно 20. Другите понуди добиваат број на бодови за успешност според следнава формула: Финансиски резултат = (најниска цена / цена на понуда што се разгледува) x 20

Критериум за доделување на договор:

Критериум за доделување на договорот е најдобрата вредност за парите. Најдобрата вредност за парите се одредува со проценка на техничките капацитети и цената, во сооднос 80 /20 (бодови).

Со собирање на бодовите за техничките капацитети и за финансиската понуда, се добива вкупниот број на освоени поени според кои се рангираат понудите.